РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-120
18.04. 2022 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 53 став 2 од истиот Закон, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1163/1 од 23.03.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-1682/5 од 15.04.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15-та седница одржана на 15.04.2022 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што во рамките на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуван на 21-ви, 22-ри и 23-ти февруари 2022 година, во делови од утринската, информативно-забавна емисија „Ја сакам Македонија“, емитувани се прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации на производите „Простатол комплекс“ и „Бронхо протект“ од операторот со храна „Натура терапи“.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1163/1 од 23.03.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенција) врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Членот 53 став 2 од ЗАВМУ пропишува дека не се дозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 22-ри март 2022 година, изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21-ви, 22-ри и 23-ти февруари 2022 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации. Вонредниот надзор беше реализиран по известувања од Агенцијата за храна и ветеринарство за незаконски аудиовизуелни комерцијални комуникации за додатоци во исхрана, а во рамки на Меморандумот за соработка меѓу Агенцијата и Агенцијата за храна и ветеринарство, склучен на 14.04.2021 година.

Прекршувањето е направено во утринската, информативно-забавна емисија „Ја сакам Македонија", преку разговори со Сашко Дрвошански, нутриционист - главен менаџер за грижа за корисници, едукација и развој на производи од операторот со храна „Натура терапи" („Natura therapy"), евидентирани како два посебни прилога, визуелно и вербално направени како комерцијални презентации со кои посебно промотивно се препорачуваат: „Простатол комплекс" („Prostatol complex") и „Бронхо протект" („Broncho protect"). Имено, во емисијата „Ја сакам Македонија", прикриени како медиумски содржини посветени на здравјето, во две премиерни и едно репризно издание на емисијата, на 21-ви, 22-ри и 23-ти февруари 2022 година и визуелно и вербално се претставени додатоците во исхрана „Простатол комплекс" и „Бронхо протект", на начин кој очигледно има рекламни цели и може да ја доведе публиката во заблуда за природата на содржината, односно се емитуваат прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1163/1 од 23.03.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје на 24.03.2022 година, испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување арх.бр.10-1163/2 од 24.03.2022 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1163/1 од 23.03.2022 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Во предвидениот рок, ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 15.04.2022 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 53 став 2 од истиот Закон, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1163/1 од 23.03.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-1682/5 од 15.04.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на седницата одржана на 15.04.2022 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје и му се наложува веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседателот на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1163/1 од 23.03.2022 година.

**Доставено до:**

- ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 23.03.2022
Орг. единица / Njësia org: 10 | Број / Numër: 1163 | Прилог / Shtesë: 1 | Вредност / Vlerë:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден, по известувања од Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) за незаконски аудиовизуелни комерцијални комуникации за додатоци во исхрана, а во рамки на Меморандумот за соработка меѓу АВМУ и АХВ, склучен на 14.04.2021 година;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 21, 22 и 23 февруари 2022 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 март 2022 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации*);

6. **Претходно изречена мерка[1]: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор, реализиран врз програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21, 22 и на 23 февруари 2022 година,

[1] Не се изречени мерки, но на овој Извештај му претходеа:

- Известување од АВМУ до ТРД ТВ Сител ДООЕЛ Скопје за противзаконски аудиовизуелни комерцијални комуникации за Broncho protect 500 ml (Бронхо протект), произведен од Натура Терапи ДООЕЛ Скопје, бр. 03-638/2 од 15.02.2022 година;

- Известување од АВМУ до сите радиодифузери за противзаконско рекламирање на Дијабетол Форте, произведен од Натура Терапи ДООЕЛ Скопје, бр. 03-4209/4 од 01.12.2021 година;

- Известување од АВМУ до сите радиодифузери за противзаконско рекламирање на Дијабетол Форте, произведен од Натура Терапи ДООЕЛ Скопје, бр. 03-4209/2 од 23.11.2021 година.

на државно ниво, констатирано е прекршување на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - *забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.*

Прекршувањето е направено во утринската, информативно-забавна емисија „Ја сакам Македонија", преку разговори со Сашко Дрвошански, нутриционист - главен менаџер за грижа за корисници, едукација и развој на производи од операторот со храна „Натура терапи" („Natura therapy"), евидентирани како два посебни прилога, визуелно и вербално направени како комерцијални презентации со кои посебно промотивно се препорачуваат: „Простатол комплекс" („Prostatol complex") и „Бронхо протект" („Broncho protect"), производи што Агенцијата за храна и ветеринарство ги дефинира како – „додатоци во исхраната".

**Во информативно-забавна програма која исполнува информативна функција[2], каква што е емисијата „Ја сакам Македонија", публиката очекува разнородни информативни прилози за различни настани и случувања и на различни теми, испреплетени со забавни компоненти. Во ваквите емисии, според член 55 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, воопшто не е дозволено пласирање производи. Сепак, прикриени како медиумски содржини посветени на здравјето, во две премиерни и едно репризно издание на емисијата, и визуелно и вербално се претставени додатоците во исхрана „Простатол комплекс" и „Бронхо протект", на начин кој очигледно има рекламни цели и може да ја доведе публиката во заблуда за природата на содржината, односно се емитуваат прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.**

| **Опис на содржината** | **Датум** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|---|
| | | почеток | крај |
| Прилог на тема „здравје" во информативно-забавната емисија - **„Ја сакам Македонија"**, премиерно емитуван на 21 февруари, а репризно на 22 февруари, во кој промотивно се препорачува додатокот во исхрана **„Простатол комплекс"** на операторот со храна „Натура терапи". | 21 февруари<br><br>22 февруари | 09:13:25<br><br>04:20:52 | 09:19:35<br><br>04:27:02 |
| Прилог на тема „здравје" во информативно-забавната емисија - **„Ја сакам Македонија"**, премиерно емитуван на 23 февруари, во кој промотивно се препорачува додатокот во исхрана **„Бронхо протект"** на операторот со храна „Натура терапи". | 23 февруари | 09:13:00 | 09:17:25 |

Визуелно, прикриените аудиовизуелни комерцијални комуникации на „Простатол комплекс" и на „Бронхо протект" се направени:

[2] Упатство за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми бр. 01-5740/1 од 19.11.2014 година

- со измена на среднокрупни и на многу крупни/детални планови на снимање на производот („Простатол комплекс" и „Бронхо протект"), со што посебно промотивно се истакнуваат - неговата препознатлива трговска марка и неговата препознатлива амбалажа - а производот е поставен и како централен, фронтално и континуирано сниман објект на студиската сценографија каде што се одвива разговорот;
- за време на разговорот, како дополнителна, промотивна визуелна референца, се појавува и поп-ап/реклама на поделен екран со времетраење од десет секунди, за операторот со храна „Натура терапи";
- пред и по разговорите со Дрвошански, нутриционист - главен менаџер за грижа за корисници, едукација и развој на производи од операторот со храна „Натура терапи", варијанти на рекламни и на телешопинг спотови за различни производи од истиот оператор со храна, евидентирани се во низа реални часови од програмскиот сервис на радиодифузерот; - во некои телешопинг спотови се појавува и Дрвошански, менаџерот од „Натура терапи".

**Вербално**, прикриените аудиовизуелни комерцијални комуникации на „Простатол комплекс" и на „Бронхо протект" се направени:

- со здравствени тврдења директно поврзани со карактеристиките/состојките од производот („Простатол комплекс" и „Бронхо протект");
- со употреба компаративни/суперлативни тврдења за „нутритивна и/или здравствена" корист од производот;
- со посочување на продажната цена (сосе тековни попусти) на производот;
- со упатување на достапноста на производот;
- со укажувања за дистрибутивната и за продажна мрежа на операторот со храна „Натура терапи";
- со посочување контакт-телефон и електронска/поштенска адреса на операторот со храна;
- ретките прашања што новинарите-водители на утринската емисија му ги поставуваат на претставникот на „Натура терапи", го сведуваат разговорот на – промотивен монолог, односно одат во прилог на гореопишаната промотивна комерцијална цел, затоа што не поттикнуваат критички дијалог за нутритивните, за здравствените или за тврдењата за намалување на ризикот од болест во прилог на промовираните производи (*на пример: за можните несакани последици од (зло)употребата*).

Дополнително, емитуваната содржина е таква, што дури и издвоена како посебна аудиовизуелна целина не би можела да се смета за специјализирана информативна емисија на тема здравство, туку само за телешопинг, односно за „емитување директни понуди до јавноста на производи или услуги... Директна понуда е секоја понуда која покрај информациите за добавувачот, карактеристиките и/или цената на производот или услугата, содржи и некој од следниве елементи: поштенска или електронска адреса, веб страница и/или телефонски број преку кои уште во текот

на емитувањето може да се реализира купувањето. Форми на телешопинг се телешопинг спотови и телешопинг прозорци" (член 3 став 1 точка 24 од ЗААВМУ).

***Цитати*** (буквален транскрипт) од две гостувања на Дрвошански, нутриционист - главен менаџер за грижа за корисници, едукација и развој на производи од операторот со храна „Натура терапи", во утринската, информативно-забавна емисија „Ја сакам Македонија", емитувани на 21 и на 23 февруари 2022 година:

**21 и 22 февруари – прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации на – „Простатол комплекс":**

Водител: „*Мажите обично ги избегнуваат симптомите, односно велат:* 'Ништо не ми е' - *но затоа вие го имате „Простатол комплекс". Како тој функционира, како делува и зошто е поразличен од сличните производи за оваа намена*?"

Дрвошански: „Простатол комплекс е 100% природен додаток на исхраната, којшто е одличен и во превенција на појавата на зголемена простата и во елиминирање на симптомите - сите оние коишто веќе ги имаат проблемите со зголемената простата. Станува збор за комплекс од седум билни екстракти, пред сè сау палмето (saw palmetto) - нискорастечка палма, екстракт од коприва, од семки од тиква, од калинка, ликопен и така натаму, коишто делуваат синергистички да, всушност, се спречи понатамошниот раст на простатата, се овозможува целосно и лесно празнење на мочниот меур, а на тој начин ја нема онаа зачестеност и потреба од празнење во текот на ноќта. Значи редовната употреба на „Простатол комплекс", само една до две капсули на ден, овозможува на природен, безбеден и што е најважно на многу ефикасен начин, во период од само неколку недели да се смири тоа, да кажам, воспаление на простатата и да се врати нормалната функција и на мочниот меур, за да можат лесно они, мажите да се празнат, да ги немаат оние тегоби врзани за простатата, и е нешто коешто советуваме дека треба практично сите мажи веќе над педесетата година, да кажеме, да го користат. Колку порано се користи толку полесно се елиминираат тегобите. Имаме веќе огромен број на корисници коишто точно кажуваат во рок од една до две недели веќе приметуваат смирување на тегобите. Доколку се буделе во текот на ноќта, веќе немаат потреба да стануваат, или има некои мажи коишто стануваат по три по четирипати, сега стануваат само еднаш. Значи навистина квалитетот на животот им се подобрува значително.";

Водител: „*Е сега, како сите оние мажи коишто нè гледаат, имаат симптоми или сакаат да превенираат, да го набават овој производ?*"

Дрвошански: „Во моментот постои специјална промотивна акција. Сите оние коишто нè гледаат и сакаат да си го подобрат здравјето на простатата и целокупниот живот, со јавување во Центарот за грижа на корисници на Натура терапи на 070 230 720, можат да добијат сет од 2 + 1, значи вкупно 3 пакувања „Простатол комплекс", заедно со подарок „Епимедиум комплекс" (Epimedium complex), којшто е исто така природен производ наменет за подобрување на целокупната функција на репродуктивниот систем, значи зголемување на потентноста, силата, издржливоста и подобрување на интимноста во нивната врска, без разлика на годините. Комплетот од 3+1 производ гратис, за 1990 денари може да биде нивен со јавување во Центарот за грижа."

**23 февруари – прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација на – „Бронхо протект":**

Водителка: *„Ќе зборуваме за инфекции, настинки, за короната којашто се шири помеѓу најмладите, односно децата на училишна возраст, средношколците, и коишто најчесто страдаат од оние симптоми на воспаление на грло, растечен нос, па и стомачни проблеми неретко, па затоа првото прашање нека биде како на природен начин да спречиме компликации од овие инфекции?"*

Дрвошански:„(...) Добро е да знаат родителите, односно семејствата дека постојат и додатоци на исхраната коишто можат да помогнат како во превенцијата, така и во самиот третман. Конкретно – „Бронхо протект" е еден природен додаток на исхраната којшто токму е наменет за заштита на органите за дишење од ваков тип на инфекции и за одржување на нивната добра функција. Целта да се примени „Бронхо протект" е да се спречи компликација од инфекцијата, затоа што кај децата, особено кај помалите каде што недоволно е развиен имуниот систем, лесно овие инфекции, коишто се јавуваат на горните дишни патишта, се спуштаат надоле, зафаќајќи ги бронхиите или белите дробови, а често се развиваат во бронхитис или бронхопневмонии коишто можат да бидат многу тешки за децата. Она што може да помогне „Бронхо протект" е доколку има иритирачка кашлица, да ја смири многу ефикасно во период од еден до два дена, но уште поважно да го омекне, да го разводни секретот, да овозможи негово полесно искашлување и на тој начин ќе спречи негово спуштање и зафаќање на бронхиите, полнење и отежнување на самото дишење. Дополнително делува антивоспалително, го јакне севкупно имунитетот, значи тоа е комбинација на билни екстракти заедно со витамините C и D, практично сè она што е потребно како за возрасните, така и за децата во дадениот случај, за да се заштитат од овие инфекции или доколку има, навистина ќе помогне за многу пократко време, за два-три дена без силни симптоми децата лесно да излезат, да оздрават од овие инфекции."

Водителка: *„Дали се препорачува „Бронхо протект“ превентивно и кому?“*

Дрвошански: „Бронхо протект“ е најдобро да се користи превентивно. Особено сега периодов кога знаеме колку се присутни овие инфекции, како Корона така и другите сезонски вирози, или ако знаеме дека некој во семејството веќе е болен, многу е добро да го користат другите превентивно и ќе помогнат да се заштитат. Исто така и кај луѓето коишто имаат хронични состојби, хронични бронхитиси, хронична опструктивна болест на белите дробови, кај луѓето што пушат цигари, па постојано им се белите дробови изложени на иритации, значи – сите деца над 4-годишна возраст и сите возрасни, можат да го користат и долговремено, да го користат превентивно, но и кога имаме конкретни акутни инфекции со една појака доза да спречат развој на компликации и многу побрзо да осигураат дека инфекцијата ќе заврши.“

Водителка: *„Е сега, сите што сакаат да си го добијат - на кој начин?“*

Дрвошански: „Навистина прекрасен производ, природен, без никакви несакани ефекти, во моментот има специјална промотивна акција, производот е достапен во сите продажни центри на Натура терапи и во аптеките но сите оние коишто нè гледаат и ќе се јават во Центарот за грижа на корисници на Натура терапи 070 230 720, сетот од 3 пакувања „Бронхо протект“ го добиваат по специјална промотивна цена од 1490 денари.“

**Контекстуално според ЗААВМУ, во прилог на опишаните прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации, одат и следниве одредби:**

- член 98 став 1: „Услови за рекламирање и телешопинг“:
    - Рекламирањето и телешопингот треба да бидат јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата.
- Подзаконскиот акт – „Упатството за пласирање производи“, на следниов начин разграничува помеѓу - пласирањето производи и прикриеното рекламирање:
    - точка 34: Пласирањето производи е практика која е дозволена во одделни видови програми, за разлика од прикриеното рекламирање кое е целосно забрането;
    - точка 35: Програми во кои се пласираат производи, без притоа јасно и соодветно да се означат како такви, ќе се сметаат како форма на

прикриено рекламирање, односно како прекршување на членот 53, став 2 од Законот.

Односно, за да може во одредена програма да се примени - пласирање производи – како форма на аудиовизуелна комерцијална комуникација, најнапред треба да се има предвид дека таа програма мора да ги почитува и ограничувањата што Упатството ги одредува за одредени видови програми, а имено:

Точка 30: *Пласирањето производи е забрането* во следниве видови програми, утврдени со Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми:

- програми со информативна функција: вести или ТВ дневници, актуелно-информативна програма, актуелно-информативна програма со документаристички пристап, актуелно-информативна говорна шоу програма, преноси или снимки од седници на органите на власта, преноси или снимки од општествено - политички настани, информативни магазини, *информативно-забавна програма*, инфо - сервис, информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки, програми за деца со информативна функција и друга информативна програма;

- програми со образовна функција: образовна програма; документарна програма; образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки; документарна програма со религиозна тематика; програми за деца со образовна функција и друга образовна програма;

- програми со забавна функција: забавно-информативна програма и програми за деца со забавна функција;

Точка 31: Пласирањето реквизити е забрането во сите видови програми во кои е забрането пласирање производи.

8. **Опис на прекршувањето: /**

**Спротивно на членот 53 став 2 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 21, 22 и 23 февруари 2022 година, во делови од утринската, информативно-забавна емисија „Ја сакам Македонија", **емитувани се прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации на производите „Простатол комплекс" и „Бронхо протект"** од операторот со храна „Натура терапи".

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи - веднаш по приемот на

решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***